Точка на дневен ред: **13**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

### Предлог-одлуки за реименување на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната

**Одлука за реименување (повторно именување) на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

Во прилог:

- Предлог-одлука за реименување (повторно именување) на г-ѓа Хедвика Усеник за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;
- Предлог-одлука за реименување (повторно именување) на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;
- Предлог-одлука за реименување (повторно именување) на г-ѓа Андреја Стражишар за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

Скопје, мај 2025 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2025 година, ја донесе следната

## Одлука за реименување (повторно именување) на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

1. За член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје повторно се именува:

   - Хедвика Усеник, со број на пасош: PB 1133383, со живеалиште на ул. Алешовчева бр. 007, Љубљана, Република Словенија, член на Управниот одбор на Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана и тековен претседател на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.
   Мандатот започнува од 31.08.2025 година.

3. Се овластува Адвокатската канцеларија Радојчиќ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука влегува во сила по добивање согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 29.05.2025 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Народна банка на Република Северна Македонија
Трговски регистар

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Потребата за повторно именување (реизбор) на член на Надзорниот одбор се остварува поради истек на мандатот од функцијата член на Надзорниот одбор на г-ѓа Хедвика Усеник на ден 30.08.2025 година.

Исто така, согласно со Политиката за оценка на адекватноста на носителите на клучни функции на НЛБ Банка и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, спроведена е позитивна оценка на соодветноста на Хедвика Усеник за избор на член на Надзорниот одбор на Банката (индивидуална и колективна оцена).

Согласно со Законот за банките и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за именување на член на Надзорниот одбор, потребна е претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија. Оваа одлука ќе стапи на сила по добивањето согласност од НБРСМ за повторно именување на г-ѓа Хедвика Усеник за член на Надзорниот одбор.

NLB Banka

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2025 година, ја донесе следната

**Одлука за реименување (повторно именување) на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

1. За член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје повторно се именува:

   - Кристина Ковачич Бјелајац, со број на пасош: PB 1459288, со живеалиште на ул. Штудљанска цеста бр. 006А, Домжале, Република Словенија, заменик-генерален директор во Секторот за ризици во НЛБ д.д. Љубљана и тековен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години. Мандатот започнува од 31.08.2025 година

3. Се овластува Адвокатската канцеларија Радојчиќ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука влегува во сила по добивање согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 29.05.2025 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Народна банка на Република Северна Македонија
Трговски регистар

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

NLB Banka

## Образложение

Потребата за повторно именување (реизбор) на член на Надзорниот одбор се остварува поради истек на мандатот од функцијата член на Надзорниот одбор од г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац на ден 30.08.2025 година.

Исто така, согласно со Политиката за оценка на адекватноста на носителите на клучни функции на НЛБ Банка и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, спроведена е позитивна оценка на соодветноста на Кристина Ковачич Бјелајац за избор на член на Надзорниот одбор на Банката (индивидуална и колективна оцена).

Согласно со Законот за банки и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за именување на член на Надзорниот одбор потребна е претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија. Оваа одлука ќе стапи на сила по добивањето согласност од НБРСМ за повторно именување на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за член на Надзорниот одбор.

NLB Banka

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2025 година, ја донесе следната

**Одлука за реименување (повторно именување) на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

1. За член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје повторно се именува:

- Андреја Стражишар, со број на пасош: PB 1338903, со живеалиште на ул. Пот в Деле 006, Ракек, Церкница, Република Словенија, директор на Секторот за котролинг во НЛБ д.д. Љубљана и тековен член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.
   Мандатот започнува од 31.08.2025 година.

3. Се овластува Адвокатската канцеларија Радојчиќ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука влегува во сила по добивање согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 29.05.2025 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Народна банка на Република Северна Македонија
Трговски регистар

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

## Образложение

Потребата за повторно именување (реизбор) на член на Надзорниот одбор се остварува поради истек на мандатот од функцијата член на Надзорниот одбор од г-ѓа Андреја Стражишар на ден 30.08.2025 година.

Исто така, согласно со Политиката за оценка на адекватноста на носителите на клучни функции на НЛБ Банка и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, спроведена е позитивна оценка на соодветноста на Андреја Стражишар за избор на член на Надзорниот одбор на Банката (индивидуална и колективна оцена).

Согласно со Законот за банки и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за именување на член на Надзорниот одбор, потребна е претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија. Оваа одлука ќе стапи на сила по добивањето согласност од НБРСМ за повторно именување на г-ѓа Андреја Стражишар за член на Надзорниот одбор.



# ХЕДВИКА УСЕНИК


- Датум на раѓање: 29.04.1972 г., Брежице, Словенија
- адреса: Алешова улица 7, 1000 Љубљана
- националност: Словенка
- Деловен телефонски број: +386 40 636 892
- Адреса на е-пошта: hedvika.usenik@nlb.si


Искусен банкар со 28-годишно работно искуство, од кои 23 години во меѓународни банкарски групации и 5 години во економски истражувања. Повеќе од 19 години менаџерско искуство. Член на надзорни тела во три банки, една компанија за управување со средства и една истражувачка организација. Мажена и мајка на две ќерки од 20 и 16 години.

## РАБОТНО ИСКУСТВО

**Нова љубљанска банка д.д.**
*Адреса: Трг републике 2, 1000 Љубљана*
*Деловоден број: 5860571*
*Опсег на работа: Најголема универзална банкарска групација на Словенија, 26 милијарди средства, 8000 вработени, банкарски подружници на шест пазари под надзор - соодветен надзорен орган: ЕЦБ / Банка на Словенија*

---

**2022 - ...** **Член на управен одбор**

Главни одговорности: Малопродажна мрежа, развој на производи, сегменти и канали, ЦРМ, Контакт центар и приватно банкарство, Бизнис линија Директор за малопродажба на НЛБ Групацијата. Одговорност за ПиЗ на сегментот на малопродажба и менаџерска одговорност за тимот од повеќе од 900 вработени. Член на ALCO Комисијата, Комитетот за ризик, Кредитниот комитет за малопродажба, Комитетот за одржливост и Комитетот за продажба.

**2020 - 2022** **Асистент на Управен одбор за малопродажба**

Главни одговорности: Малопродажна мрежа, развој на производи, сегменти и канали, Контакт центар и приватно банкарство, Бизнис линија за продажба на НЛБ Групацијата. Одговорност за ПиЗ на сегментот на малопродажба и менаџерска одговорност за тимот од повеќе од 900 вработени.

**2018-2019** **Раководство на групацијата: Менаџер на земја**

Менаџер на земја за Северна Македонија и Косово. Член на надзорен одбор на НЛБ Банка Скопје и Претседател на ревизорска комисија. Заменик-претседавач на одбор на директори на НЛБ Банка Приштина. Стрим координатор за директор на бизнис линија во рамките на управата на НЛБ Групацијата. Го водев одземањето на осигурителната

компанија НЛБ Вита д.д. кое вклучуваше склучување на нов долгорочен договор за дистрибуција со НЛБ д.д.

**Асерта д.о.о. (семејна компанија):** *Адреса: Алешовчева улица 7, Љубљана*
*Деловоден број: 3864162*
*Опсег на работа: Големопродажба на фармацевтски производи*

---

**2018/03-06** **Директор на продажба**

Раководење на тим од продажни претставници за програмата Сени за инконтиненција во семејна компанија која се занимава со продажба и дистрибуција на производи за инконтиненција како и организација и извршување на обуки за продажба, комуникација и менаџмент.

**УниКредит банка Словенија д.д.**
*Адреса: Америшка улица 2, 1000 Љубљана*
*Деловоден број: 5446546*
*Опсег на работа: банкарство*
*Под надзор - соодветно надзорно тело: ЕЦБ / Банка на Словенија*

---

**2014 - 2018** **Раковосител на малопродажба и оддел за приватно банкарство и член на управен одбор** (лиценца добиена од Европската централна банка во февруари 2016 г.), **Прв вице-претседател на УниКредит Групацијата**

Одговорност за ПиЗ на сегментот на малопродажба и менаџерска одговорност за тим од 200 вработени. Главни одговорности: стратегија и развој на бизнис за сегментите на клиенти, приватни лица и мали бизниси, управување со човечки ресурси, управување со продажба, управување со производи и сегменти, управување со цени, ЦРМ, извршување на дигитална стратегија: развој на дигитални канали (онлајн банкарство, мобилно банкарство, јавна веб-страница, контакт центар) и дигитализација на производи и процеси.
Член на АЛКО (Комитет за актива), кредитни комитети и ИЦБЦ (Комитет за внатрешна контрола). Известување на локалниот директор, надзорен одбор, ревизорска комисија и раководни структури (матрица на организацијата) во рамките на редовните финансиски циклуси на следење.

**2013-2014** **Оддел за малопродажба: Регионален раководител**

Управување со дистрибутивната малопродажна мрежа, менаџерска одговорност за тимот од 90 вработени (14 филијали во Љубљана и Западна Словенија), сегменти на клиенти: масовен пазар, богат и мал бизнис. Одговорност за постигнување на целите за продажба и приходи, управување со ЧР, обезбедување висок квалитет на услугата и усогласеност со важечките правила и прописи. Извршување на внатрешни обуки за управување за раководители на филијали.

**2009 - 2013** **Оддел за малопродажба: Раководител за маркетинг и сегменти**

Директна одговорност за стратегија и развој на бизнисот за сегментите на масовен пазар за клиентите, богат и мал бизнис, управување со производи и управување со сегменти, управување со цени, ЦРМ, развој на канали (интернет банкарство, мобилно банкарство, јавна веб-страница) и маркетинг комуникација за сите сегменти вклучувајќи ги и

корпоративните. Директна раководна одговорност за повеќе од 20 членови на тимот.

**2005 – 2009 Банк Австрија Кредитаншталт д.д., (во 2007 ребрендирана во УниКредит Банка**

**Словенија д.д.), Оддел за корпоративно банкарство: Раководител на трговски финансии и управување со готовина**

Трговски и извозни финансии (гаранции, кредитни писма, кредити за купувачи, набавка на побарувања, структурирани трговски финансии...) и Управување со меѓународна готовина (групирање на готовина). Одговорност за управување со производи, цени, обука на менаџерри на клиенти, директна продажба на корпоративни клиенти и организација на настани поврзани со производи за клиенти; силна соработка со експерти во рамките на УниКредит Групацијата, особено Банк Австрија Кредитаншталт Виена, ХВБ Милано, ХВБ Минхен и ХВБ Њујорк); воспоставување на одделот и менаџерска одговорност на тим од 7 члена.

**2002 – 2005 Банк Австрија Кредитаншталт, Оддел за корпоративно банкарство: Менаџер за корпоративни клиенти**

Советување и продажба на корпоративни клиенти, главно поголеми и средни меѓународни компании. Управување со портфолио за корпоративни клиенти, директни контакти со финансиски директори и генерални директори и одговорност за резултатите од портфолиото. Неформален заменик- раководител на Меѓународен оддел.

**2001 – 2002 Банк Австрија Кредитаншталт, Оддел за корпоративно банкарство: Аналитичар на компанијата**

Анализа на финансиски изводи и други релевантни податоци на словенечки компании и подготовка на кредитни предлози за кредитниот комитет и други одлучувачки тела на банката.

## Институт за економско истражување

***Адреса:** Кардељев плоштад 17, 1000 Љубљана*
***Деловоден број:** 5051690*
***Опсег на работа:** Економски истражувања*

---

**1996- 2001 Истражувач**

Области на истражување: политика на технологија, врски купувач-добавувач, финансирање на МСП. Учество во бројни национални и интернационални истражувачки проекти, главно во рамките на Рамковната програма на Европската комисија. Соработка со истражувачки тимови од различни европски земји. Автор и ко-автор на бројни истражувачки пејпери, студии и книги.

# ЧЛЕНСТВО ВО НАДЗОРНИ ОДБОРИ

**НЛБ Банка Приштина**
*Адреса: ул. Укшин Хоти бр. 124, 10000 Приштина, Косово*
*Деловоден број: 810486250*
*Опсег на работа: Малопродажно и корпоративно банкарство со средства од 1,21 милијарди ЕВРА, 468 вработени, 33 филијали*
*Под надзор - соодветно надзорно тело: Централна банка на Косово*

- ***Вице-претседавач на Одбор на директори 2019-2021***

**НЛБ Банка а.д. Скопје**
*Адреса: Водњанска 1, 1000 Северна Македонија*
*Деловоден број: 4664531*
*Опсег на работа: Малопродажно и корпоративно банкарство со средства од 1.9 милијарди ЕВРА, 953 вработени, 48 филијали*
*Под надзор - соодветно надзорно тело: Народна банка на Република Северна Македонија*

- ***Член на надзорен одбор 2019-2021, Претседател на ревизиска комисија***

**НЛБ Банка а.д. Бања Лука**
*Адреса: Милана Тепиќа 4, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина*
*Деловоден број: 1905155*
*Опсег на работа: Малопродажно и корпоративно банкарство со средства од 1 милијарда ЕВРА, 500 вработени, 40 филијали*
*Под надзор - соодветно тело: Банкарска агенција на Република Српска*

- ***Член на надзорен одбор 2021-...***

**НЛБ Фондови, Управување со средства, д.о.о.**
*Адреса: Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија*
*Деловоден број: 1876031000*
*Опсег на работа: управување со инвестициски фондови*
*Под надзор - соодветно надзорно тело: Агенција за пазарот на хартии од вредност*

- ***Претседател на надзорен одбор 2021-...***

**Институт за економско истражување**
*Адреса: Кардељев плоштад 17, 1000 Љубљана*
*Деловоден број: 5051690*
*Опсег на работа: Економски истражувања*

- ***Член на надзорен одбор Аугуст 2023-...***

## ЧЛЕНСТВО ВО ДРУГИ ТЕЛА И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗДРУЖЕНИЈА

**Словенечка асоцијација на директори**
*Адреса: Дунајска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија*
*Деловоден број: 1202952*
*Опсег на работа: професионална, непрофитна и невладина организација што спојува членови на надзорни одбори, директори и други релевантни фактори на корпоративната власт.*

- ***Член од септември 2018 г.***

**Здружение на менаџери на Словенија**
**Адреса:** *Димчева 13, 1504 Љубљана, Словенија Деловоден број:*
*Опсег на работа: невладини организации, поврзувајќи словенечки менаџери и поддршка на развој на менаџментот во Словенија*

- ***Член од 2019 г.***

**Британско-словенечка стопанска комора**
*Адреса: Кардељев плоштад 17, 1000 Љубљана*
*Деловоден број: 3291472*
*Опсег на работа: невладина билатерална организација која има за цел да ги зајакне трговијата и инвестициите меѓу Велика Британија и Словенија*

- ***Член на управен одбор Септември 2023-...***

## ОБРАЗОВАНИЕ

**1996 - 2000** **Универзитет на Љубљана, Економски факултет: Магистер по бизнис и администрација, Насока: Финансии**

**1991 - 1996** **Универзитет на Љубљана, Економски факултет: Дипломиран економист, Насока: Маркетинг**

Добиена награда од Банката на Словенија за дипломска теза Јавен долг на Словенија (1996 г.) За време на студентските днеови, активно учество во АИЕСЕК - Меѓународна организација на студенти по економија и меѓународно искуство со две пракси: 2-Месечна пракса во семејната компанија Фетер Крентехник ГмбХ во Германија и 4-месечна пракса во рекламна агенција МекКен Ериксон во Манила на Филипините. Организација на настани за странски студенти во Словенечката студентска организација.

## ЈАЗИЦИ

Словенечки - мајчин јазик
Англиски – одличен
Хрватски - добро
Српски – добро
Германски – добро

Француски – добро
Италијански – добро
Шпански - основен

## КУРСЕВИ И ОБУКИ

- Водечка ВИ и дигитална трансформација, ИНСЕАД, Фонтанблу (2024)
- Интерна обука за усогласување на НЛБ за МБ: АМЛ, Кодекс на однесување, конфликт на интерес, анти-корупциско ОРЗП (2024)
- Самит за банкарско осигурување за НЛБ Групацијата и Сава Групацијата, Црна Гора (2024)
- МекКинси, Глобална конференција за дигитално банкарство 2024 г. во Барцелона (2024)
- Кибер безбедност за членовите на надзорниот одбор, Бања Лука (2024)
- Закон за спречување на перење пари и активности за финансирање на тероризам - амандман на правната регулатива, за членовите на надзорниот одбор, Бања Лука (2024)
- Водење на тимови со високи перформанси, Халт, Меѓународна бизнис школа, Ешриџ (2024)
- Кибер-безбедност - развој на компетенции за членовите на Надзорните тела, Словенечка асоцијација на директори (2024)
- Самит за банкарско осигурување за НЛБ Групацијата и Сава Групацијата, Белград
- Иднина на управувањето со средства на Европа 2023, на интернет, 2023 г.
- Научна тука во Шпанија, Кворус (2023)
- Обука за членовите на надзорниот одбор, кибер безбедност, теми за ризик и ЕСГ, Сараево (2023)
- Банкарска конференција 2023, Словенечка банкарска асоцијација (2023)
- Спојувања и преземања (СиП) (2023)
- НЛБ Култура - Разговори за зелени иницијативи (2023)
- ЕСГ трендови и дигитализација на малопродажба и сегментот на МСП (2023)
- Обликување на иднината на финансискиот сектор во Индустриската 4.0 ера (2022)
- ЕФМА Инспирација за промена во живо 2021 (2021)
- Обука за членовите на надзорниот одбор, Одржливост и ЕСГ, Сараево (2022)
- Кибер криминал и социјално инжењерство (НЛБ Интерна обука за усогласеност) (2021)
- Оперативен ризик (НЛБ Интерна обука за усогласеност) (2021)
- Обука за членовите на надзорниот одбор и управниот одбор на НЛБ Банка Скопје за Корпоративно водство, промени во банкарските регулативи, АМЛ, ИФРС9 (2020)
- Управување со ризик во НЛБ Групацијата (2018), НЛБ д.д.
- Клучна обука на Оун д Рум (Own the Room) (2018), Own the Room, Јадрански регион
- Работилници за методологија за агилност/скрум (2016/17), Крос
- Словенечки банкарски денови, ЗБС (2017), Љубљана
- Управување по цели - интерна работилница (2017), УниКредит Банка
- Иновации во акција, Центар за учење на УниКредит (2016), Торино
- Прв вице-претседател за програмата за вклучување, Центар за обука на УниКредит (2015), Виена
- Неколку успешно завршени курсеви за усогласеност на интернет во рамките на платформата за учење на интернет на УниКредит (АМЛ и финансиски санкции, злоупотреба на пазарот, конфликт на интереси, заштита на податоци,

антикорупција, антидоверба...), 2012 - 2017
- Дигитална трансформација / Најнова технологија на дигиталниот ум, Економски факултет (2016), Љубљана
- Корпоративна власт во Словенечките банки, ЗБС (2015), Љубљана
- Обука за врвни менаџери на Лин Сикс Сагма, УниКредит Групација (2015), Љубљана
- Академија за ризик за менаџери во областа на Малопродажно банкарство (2014), Љубљана
- ЦЕЕ денови за зачеток на приватно банкарство, УниКредит Приватно банкарство (2014), Виена
- ЦИБ Академија: Репликациско портфолио и мапирање на ликвидност - интерна обука, УниКредит Банка (2013), Љубљана
- Меѓународен форум за малопродажно банкарство, Пи-свет (2012), Белград
- Презентациски вештини, УниМенаџмент (2012), Љубљана
- Водство за резултати, УниМенаџмент (2011), Торино
- Пренос на стратегијата во резултати, УниМенаџмент (2011), Торино
- Правна обука за малопродажен маркетинг, Правен оддел на УниКредит Банка (2010), Љубљана
- Академија за водстцо, Тела Витал (2008 - 2010), Љубљана
- Продавање на производи за управување со корпоративна готовина, Маркус Еванс (2007), Амстердам
- Готовина, трезор и управување со ризик, Еурофајненс (2007), Виена

## ХОБИ

Спортови (трчање, одбојка, скијање), патување, учење странски јазици

| Потврдувам дека правилно го извршив преводот на документот од англиски на македонски јазик | By my seal and signature, I hereby confirm that this is a true translation of the original document from English to Macedonian |
|---|---|
| Скопје, 25.3.2025 г. | Skopje, 3/25/2025 |
| Преведувач | Sworn Translator |
| **Јана Мелоска Петрова** | **Jana Meloska Petrova** |
| Број: 55/25 | No. 55/25 |

ПОСТОЈАН СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ НА АНГЛИСКИ И ШПАНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАНА МЕЛОСКА ПЕТРОВА
СКОПЈЕ

**ФОРМУЛАР-FORM**

За потребни податоци за кандидат за избор на член на Надзорен одбор/ For the necessary information for a candidate for appointment as a member of the Supervisory Board:

| Име и презиме/ Name and Surname | **Hedvika Usenik/ Хедвика Усеник** |
|---|---|
| Број на акции што ги поседува во НЛБ Банка АД Скопје/ Number of shares held in NLB Banka AD Skopje | / |
| Број на акции што ги поседува во други друштва/ Number of shares held in other legal entity | NLB d.d., Trg republike 2, Ljubljana, Banking, 550 shares,(0,002% Share of holding in the capital) |
| Заеми и други обврски што ги има кон НЛБ Банка АД Скопје/ Loans and other obligations towards NLB Banka AD Skopje | / |
| Судир на интереси со НЛБ Банка АД Скопје/ Conflict of interest with NLB Banka AD Skopje | / |

Под полна материјална и кривична одговорност ги потврдувам податоците запишани во овој формулар/ Under full material and criminal responsibility I confirm the data written in this form.

(потпис на канидатот/signature of the candidate)

Curriculum vitae

# КРИСТИНА КОВАЧИЌ БЈЕЛАЈАЦ

Штудљанска 6а, 1230 Домжале

Моб. тел. +386 41 699 720

Е-пошта: kristina.kovacic@nlb.si

24-Годишно работно искуство во областа на управување со ризик во НЛБ групацијата, покривање на кредитен ризик, пазарен и ликвиден ризик, оперативен ризик и преземање. 20-Годишно менаџерско искуство во водење на тимови (до 30 луѓе) и различни проекти.

Претседател на ревизорска комисија (од јануари 2022 г.), член на надзорен одбор, член на комитетот за номинации и член на комитетот за наградување во НЛБ Банка Скопје од ноември 2020 г. Член на надзорен одбор и член на ревизорска комисија во НЛБ Банка Скопје од јули 2019 г. Член на ревизорска комисија во НЛБ Банка Бања Лука повеќе од 7 години.

Заменик-член на Комисијата за ризик во Словенечката банкарска асоцијација (ЗБС).

Предавач во Словенечката банкарска асоцијација (ЗБС) и Економскиот факултет при Универзитетот на Љубљана.

Мажена и мајка на 13-годишна ќерка.

## РАБОТНО ИСКУСТВО

**2015/09 - НЛБ д.д., Глобален ризик: Заменик-генерален директор**

Вклучена во подготовка на различни ориентации за справување со стратешки ризик (Апетит за ризик, Стратегија за ризик, ICAAP, План за обнова, процес за буџетирање и планирање на капитал, проценка за нови производи и стратешки инвестиции, Функционална повелба за справување со ризик; справување со различни откривања на ризик (Годишни извештаи, откривања на 3-тиот столб, извештај за одржливост, агенции за рејтинг)

Соработка со внатрешни и надворешни ревизори и регулатори (ЈСТ/ЕЦБ/БоС)

Монторинг, известување и управување со кредитен ризик, пазарен ризик, ликвиден ризик, оперативен ризик, и бизнис план за вонредни ситуации

Рамка за управување со ЕСГ ризик

Член на Групацијата за управување со капитал

Заменување на генералниот директор (Раководител на функцијата за контрола на ризик со директен пристап до Надзорниот одбор)

Функција со тригодишен мандат (Индивидуален договор - контролна функција)

**2015/03-09 НЛБ д.д., Глобален ризик: привремено овластен генерален директор**

**2015 - 2012 НЛБ д.д., Глобален ризик: Заменик-директор на оддел**

**2012 - 2005 НЛБ д.д., Заменик-генерален директор на одделот за управување со ризик и Раководител за пазарен и ликвиден ризик**

**2005 - 2004 НЛБ д.д., Раководител за пазарен и ликвиден ризик**

**2004 - 2001 НЛБ д.д., Аналитичар за пазарен ризик**

## ОБРАЗОВАНИЕ

**2000 - 2001 Универзитет на Љубљана, Економски факултет: Магистер по бизнис администрација (м-р), банкарство и финансии**

**1995 - 1999 Универзитет на Љубљана, Економски факултет: Дипломиран Економист, Финансии**

Награда од Банката на Словенија за дипломска теза.
Напредна студиска практична работа во САД во текот на магистерските студии (МБА Радовљица)

## ЈАЗИЦИ

Словенечки - мајчин јазик
Англиски - многу добар
Хрватски / Српски - многу добар
Германски - добар
Италијански - добар
Шпански - основен

## КУРСЕВИ И ОБУКИ

- 2025 ЕБА Работилница за стрес тестови во цела ЕУ и ЕЦБ ССМ, јануари 2025 г.
- Новите закани и предизвици за сајбер безбедноста за 2030 година и стратегија за дигитална трансформација на НЛБ Банка Скопје, декември 2024 г.
- ЦРР3 - Нови капитални барања, ноември 2024 г.
- Податоци и ВИ на НЛБ групацијата, јуни 2024 г.
- Директива за длабинска анализа во компаниите во однос на одржливоста и бизнис влијанието, април 2024 г.
- Добри ЕСГ стратегии и како да ги препознаеме, април 2024 г.
- Дилојт академија за банкарски ризик и регулаторна академија, декември 2023 г.
- НЛБ Култура - Разговори за зелени иницијативи, декември 2023 г.
- Фишинг и други злоупотреби
- ПВЦ Нет зеро Стратегија, април - ноември 2023 г.
- ЕСГ таксономија, Делојт, јуни 2023 г.
- ЕЦБ индустриски контакт за ризици поврзани со клима и животна средина, февруари 2023 г.
- ЕЦБ стрес тест низ ЕУ за 2023 г., февруари 2023 г.
- ЕБА работилница за стрес тест за климатски ризик, февруари 2023 г.
- Базел III вежба за мониторин, ЕБА, јануари 2023 г.
- Банкарски ризик и регулаторна академија (Дилојт) - Управување со ЕСГ околу новите регулаторни околности, декември 2022 г.
- ПВЦ - ЕСГ Кредитен ризик и топлотни карти, декември 2022 г.
- ПВЦ - ЕСГ Ликвидни и пазарни ризици, ноември 2022 г.
- ПВЦ - ЦиЕ рамка за управување со ризик, Нет зеро стратегија, април - јуни 2022 г.
- Конференција за управување со ризик, ЗБС, ноември 2022 г.
- НЛБ Скопје, обука за членовите на НО - „Кибер безбедност во корпоративна средина“, декември 2022 г.
- НЛБ Скопје обука за членовите на НО на темата на ЕСГ (ЕСГ проблеми за одржливост, ЕСГ/климатски финансии, јули 2022 г.
- Интерен криминал, НЛБ ЕК 2022 г.
- Корпоративна безбедност, НЛБ ЕК 2022 г.
- БЦП е-едукација, НЛБ 2022 г.
- Е-едукација за оперативно управување со ризик, НЛБ 2022 г.
- Е-едукација за етика, интегритет и кодекст на однесување, НЛБ 2022 г.
- Спречување на перење пари и финансирање тероризам, е-едукација, НЛБ 2022 г.
- Е-едукација за справување со интерни информации, НЛБ 2022 г.
- Обука за НО - Корпоративно водство, промени во банкарските регулативи, борба против перење пари и финансирање тероризам, ПВЦ во соработка со НЛБ Банка Скопје, јануари 2020 г.

- Вештини за обука на менаџери, Глота Нова во соработка со НЛБ ЕК, октомври 2019 - јануари 2020 г.
- Ублажување на конфликт на интереси - Состанок со членовите на Надзорните тела на НЛБ Групацијата, ИЕДЦ Бледска школа за менаџмент, ноември 2019 г.
- Школа за водство, НЛБ ЕК, март - април 2019 г.

## ХОБИ

спорт (скијање, велосипедизам, пилатес, ролање, планинарење)
патување и истражување на нови места
читање различна литература

| | |
|---|---|
| Потврдувам дека правилно го извршив преводот на документот од англиски на македонски јазик | By my seal and signature, I hereby confirm that this is a true translation of the original document from English to Macedonian |
| Скопје, 24.3.2025 г. | Skopje, 3/24/2025 |
| Преведувач | Sworn Translator |
| **Јана Мелоска Петрова** | **Jana Meloska Petrova** |
| Број: 51/25 | No. 51/25 |

**ФОРМУЛАР-FORM**

За потребни податоци за кандидат за избор на член на Надзорен одбор/ For the necessary information for a candidate for appointment as a member of the Supervisory Board:

| | |
|---|---|
| Име и презиме/ Name and Surname | **Kristina Kovačič Bjelajac** |
| Број на акции што ги поседува во НЛБ Банка АД Скопје/ Number of shares held in NLB Banka AD Skopje | / |
| Број на акции што ги поседува во други друштва/ Number of shares held in other legal entity | / |
| Заеми и други обврски што ги има кон НЛБ Банка АД Скопје/ Loans and other obligations towards NLB Banka AD Skopje | / |
| Судир на интереси со НЛБ Банка АД Скопје/ Conflict of interest with NLB Banka AD Skopje | / |

Под полна материјална и кривична одговорност ги потврдувам податоците запишани во овој формулар/ Under full material and criminal responsibility I confirm the data written in this form.

(потпис на кандидатот/signature of the candidate)

## CURRICULUM VITAE

### ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Име и презиме | **АНДРЕЈА СТРАЖИШАР** |
| Датум на раѓање | 19 септември 1972 г. |
| Моментална адреса | Пот в Деле 6, 1381 Ракек; Словенија |
| Податоци за контакт | телефон: +386 41 575 504<br>Е-пошта: andreja.strazisar@nlb.si |

### МОМЕНТАЛЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН АНГАЖМАН

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | **Февруари 2018 - сега** |
| Име и адреса на работодавач | НЛБ д.д. Љубљана, Словенија |
| Вид на бизнис или сектор | Банкарска установа |
| Професија или работно место | **Раководител на контрола** |
| Задолжен за дел од | • финансиското известување за НЛБ д.д. и процесот на планирање на НЛБ групацијата<br>• во банката и во групацијата - подготовка на НЛБ финансиски план д.д. И НЛБ групација (од горе надолу и од долу нагоре)<br>• прогнозирање<br>• на подготовката за упатства за планирање, планирање на цели за индивидуални организациски единици и подружници<br>• менаџмент на капитал и политика на дивиденда<br>• подготовка и спроведување на профитабилна методологија<br>• профитабилна анализа на бизнис сегмент<br>• спроведување на методологијата за одредување на цените засновани на трошоци и интеграција во процесот на одобрување заем<br>• претставување на резултати, КИУ, успешност на план за индивидуални организациски единици, членови на групацијата и групацијата во целина<br>• анализа на трошоци<br>• спроведување на минимални стандарди на ниво на групација, упатства и процедурални инструкции во врска со финансиското известување и планирање во групацијата<br>• длабинска анализа<br>• напредни ад-хок анализи и симулации |
| Тековни функции | Ко-водство на Групацијата за управување со капитал на НЛБ групацијата<br>Одговорен за контрола на линијата на компетентност во НЛБ групацијата (оперативен модел за контрола на групацијата) член на комитетот ALM<br>Член на комитетот за продажба<br>Член на РК и НО во НЛБ Банка Скопје<br>Член на комитетот за нови и тековни производи во НЛБ д.д. |
| Други проекти | Преземање и интеграција на КБ - стрим лидер за контрола и стрим за капитални функции (2020-21)<br>Стрим лидер во контрола и капитални функции во процесот на интеграција на Н банка (2022-2023)<br>Проект за профитабилност (2019-2022)<br>ЕСВ стрес тестови - член на тим (на годишна основа)<br>Приватизација на НЛБ д.д. - стим лидер во контрола и капитални функции (2016-2018)<br>стратешка подготовка - член на тим (2016, 2018)<br>Проект за намалување на не-FTE трошоци - член на тим (2017-2018) |

### РАБОТНО ИСКУСТВО

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | **Ноември 2008 - јануари 2018** |
| Име и адреса на работодавач | НЛБ д.д. Љубљана, Словенија |
| Вид на бизнис или сектор | Банкарска установа |
| Професија или работно место | **Заменик-генерален директо на контрола** |

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | **Јануари 2005 - Октомври 2008** |
| Име и адреса на работодавач | НЛБ д.д. Љубљана, Словенија |
| Вид на бизнис или сектор | Банкарска установа |
| Професија или работно место | **Постар аналитичар** |

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | **Јули 2001 - Декември 2004** |
| Име и адреса на работодавач | НЛБ д.д. Љубљана, Словенија |
| Вид на бизнис или сектор | Банкарска установа |
| Професија или работно место | **Постар аналитичар во контрола на продажба** |

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | **Септември 1996 - јуни 2001** |
| Име и адреса на работодавач | Долењска банка д.д. Ново Место |
| Вид на бизнис или сектор | Банкарска установа |
| Професија или работно место | **Аналитичар во контрола** |

**ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ИСКУСТВО ПО НАВЕДЕНА ОБЛАСТ**

| | |
|---|---|
| Финансиски податоци | Разбирање на финансиските податоци на банката, идентификација на клучни прашања и врз основа на овие информации, спроведување на соодветни контроли и мерки |
| Стратешко планирање | Стратешко планирање, разбирање и спроведување на бизнис стратегија/план на Банката и нејзините конекции со стратегиите и политиките на апетити за ризик и управување со ризик |
| Ризици | Управување со ризик (идентификација, процена, стест-тест, управување, следење, конторла на значајните ризици на банката) |
| Банкарско право | Банкарски закони, регулативи и барања во врска со Капиталот |
| Организациска структура | Организациска структура на банката, конфликт на интереси, независност на внатрешните контролни функции |
| Внатрешни контроли | Механизми на внатрешни контроли (внатрешни контроли и улогата на внатрешните контролни функции) |

**ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| Датум (од-до) | 1991-1996<br>Универзитет на Љубљана, Економски факултет; Дипломиран економист |

**ЈАЗИЦИ И ПРОФЕСИОНАЛНА УПОТРЕБА**

| | |
|---|---|
| Словенечки | Роден говорител |
| Англиски | Течно познавање |
| Српски | Напредно познавање |
| Француски | Основно познавање |
| Германски | Основно познавање |

**КОМПЈУТЕРСКА ПИСМЕНОСТ**

| | |
|---|---|
| Word, Excel, Power Point | Професионална употреба |

**ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА**

| | |
|---|---|
| Категорија | Б |

Потврдувам дека правилно го извршив преводот на документот од англиски на македонски јазик
Скопје, 24.3.2025 г.
Преведувач
**Јана Мелоска Петрова**
Број: 53/25

By my seal and signature, I hereby confirm that this is a true translation of the original document from English to Macedonian
Skopje, 3/24/2025
Sworn Translator
**Jana Meloska Petrova**
No. 53/25

ПОСТОЈАН СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ НА АНГЛИСКИ И ШПАНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈАНА МЕЛОСКА ПЕТРОВА СКОПЈЕ

**ФОРМУЛАР-FORM**

За потребни податоци за кандидат за избор на член на Надзорен одбор/ For the necessary information for a candidate for appointment as a member of the Supervisory Board:

| | |
|---|---|
| Име и презиме/ Name and Surname | **Andreja Stražišar** |
| Број на акции што ги поседува во НЛБ Банка АД Скопје/ Number of shares held in NLB Banka AD Skopje | 0 |
| Број на акции што ги поседува во други друштва/ Number of shares held in other legal entity | NLB d.d. 270 shares |
| Заеми и други обврски што ги има кон НЛБ Банка АД Скопје/ Loans and other obligations towards NLB Banka AD Skopje | 0 |
| Судир на интереси со НЛБ Банка АД Скопје/ Conflict of interest with NLB Banka AD Skopje | NO |

Под полна материјална и кривична одговорност ги потврдувам податоците запишани во овој формулар/ Under full material and criminal responsibility I confirm the data written in this form.

Digitalno podpisal
ANDREJA
STRAŽIŠAR
10. 04. 2025 07:48.19

(потпис на канидатот/signature of the candidate)

**доверливо**

0203 – 152 ; 20.03.2025

Материјал за 145-та Седница на
Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Точка на дневен ред: 2025 – 145ВС Т.7.2.

Датум: 20.03.2025

Предлагач: Одбор за именување

---

**Предлог – Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

---

Врз основа на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка од 06.02.2018година, Надзорниот Одбор на НЛБ Банка АД Скопје, на 20.03.2025 година донесе

**Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

1. Се усвојува позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година во следниот состав:

   - Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор
   - Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорниот одбор
   - Зоран Јовановски, Втор заменик претседател на Надзорниот одбор и независен член на Надзорниот одбор
   - Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор
   - Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор.
   - Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор до 28.05.2024 година
   - Наташа Пукл, Независен член на Надзорниот одбор од 29.05.2024 година

2. Позитивната годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година се состои од следните оцени како нејзин составен дел, дадени во прилог на оваа одлука:
   - Поединечна оценка на соодветност на секој член на Надзорниот одбор (Прилог 1а)
   - Колективна оценка на соодветност на Надзорниот одбор (Прилог 1б)
   - Оцена на сопствената работа за 2024 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје (Прилог 1в)
   - Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор, како и на големината и составот на Законските пропишани одбори и нивната меѓусебна соработка (Прилог г)
   - Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени (Прилог г)
   - Оцена на ефикасноста на Законските пропишани одбори (Прилог г).

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

Скопје 20.03.2025 година
Одлуката да се достави до:
Сектор за човечки ресурси
Сектор за правни работи и секретаријат

Хедвика Усеник
Претседател
на Надзорен одбор

Материјал за 145-та Седница на
Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Точка на дневен ред: 2025 – 145ВС Т.7.2.

Датум: 20.03.2025

Предлагач: Одбор за именување

---

**Информација кон Предлог - Одлука за позитивна годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

---

Согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка од 06.02.2018 година од Народна банка на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор на годишно ниво спроведува оцена на соодветноста членовите на Надзорниот одбор за 2024 година, составена од:

- Поединечна оценка на соодветност на секој член на Надзорниот одбор
- Колективна оценка на соодветност на Надзорниот одбор
- Оцена на сопствената работа за 2024 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје
- Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор, како и на големината и составот на Законските пропишани одбори и нивната меѓусебна соработка
- Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени
- Оцена на ефикасноста на Законските пропишани одбори.

Според тоа, врз основа на спроведена годишна оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, Одборот за именување му предлага на Надзорниот одбор да ја потврди позитивната годишна оцена на соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година.

Наведените оцени кои се составен дел на Годишната оцена на адекватноста на Надзорниот одбор за 2024, се дадени како прилог на Одлуката.

Скопје, 20.03.2025 година

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-дин Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | – Биографија (CV)<br>– Документација која ја доставил кандидатот<br>– Документација со која располага банката<br>– Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | – Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>– Економско-општествена позиција<br>– Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | – Лични, професионални или економски односи со банката<br>– Документација која ја доставил кандидатот | Да |
| Временска расположливост | – Документација која ја доставил кандидатот | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-дин Блаж Бродњак за функцијата Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за содветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, на г-дин Блаж Бродњак се оценува за:

- **Соодветен**
- Несоодветен

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на г-дин Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, за 2024 година се потврдува со следното:

Г-динот Блаж Бродњак се одликува со исклучително успешно долгогодишно професионално менаџерско искуство во банкарскиот сектор и осигурувањето, особено како носител на највисоки надзорни и управувачки функции.

Тој се истакнува со репутација што се должи на успешно остварување на функцијата на Претседател на Управен одбор на НЛБ д.д., како Претседател на НЛБ Групацијата во период од 9 години и Член на Управниот одбор на НЛБ Групацијата од скоро 4 години, со носител на одговорност на Главен извршен директор - CEO и Главен директор за маркетинг – CMO), како и долгогодишното остварување на надзорни функции во повеќе членки на НЛБ Групацијата и секторот на банкарство и осигурување во регионот. Функцијата на Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје успешно ја остварува од 2017 година, со искажана континуирана посветеност и ефикасност во работењето и остварување на надзорот на Одборот и неговите надлежности.

Согласно доставената изјава за постоење на нови околности од последно доставениот

Прашалник, од Септември 2024 година, г-динот Блаж Бродњак е член на Надзорниот одбор на Summit Leasing Словенија д.о.о.во рамки на НЛБ Групацијата, а од ноември 2024 ја извршува и функцијата Претседател на Надзорниот одбор на Summit Leasing Словенија д.о.о.во рамки на НЛБ Групацијата.

Со неговото професионално искуство и стекнато продлабочено знаење и стручност од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор особено, спецификите на воспоставеното корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје, нејзината финансиска состојба и профилот на ризичност, се валидира соодветноста на г-динот Блаж Бродњак за извршување на функцијата на Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

Во работењето на НЛБ Банка АД Скопје, тој долгогодишно активно учествува во Одборот за наградување, како Претседател на одборот, како и Член на Одборот за именување.

Во неговиот досегашен професионален ангажман, г-дин Бродњак се одликува и со тековна повеќегодишна функција на Претседател на Надзорниот одбор на Здружението на банки на Словенија и Членство во Европската банкарска федерација (EBF) како Член на Одборот на Федерацијата од Република Словенија, како и Претседател на Управниот одбор на Американска бизнис комора -Словенија (AmCham Slovenia) до септември 2024.

Соодветното стекнато професионално искуство, образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во банкарскиот и осугурителниот сегмент на различни менаџерски и надзорни позиции, како и здобиеното знаење и експертиза преку перманентните професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење,стратешкото управување и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење и дигиталната трансформација во работењето, ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Претседател на Надзорниот одбор.

Исто така, се цени дека г-динот Блаж Бродњак и во 2024 година посветил доволно време потребно за негово дополнително континуирано стручно надоградување, при што како теми се издвојуваат: Cyber безбедноста и предизвиците од оваа област и дигитална трансформација во работењето.

Се оценува дека за г-динот Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, во 2024 година не биле идентификувани околности за појава на судир на интереси што ја ограничувале неговата способност за вршење на функцијата.Претседател на Надзорен одбор.

Од страна на, г-дин Бродњак претходно беа обелоденети околности дека е сопственик на удел во износ на 1/3 од сопственичката структура на компанијата Domacija Familija d.o.o Slovenija, во којашто останатите сопственици се поврзани лица со него, односно сопруга (удел од 1/3) и брат (удел 1/3).

Г-дин Блаж Бродњаккако Претседател на Надзониот одбор даде соодветен придонес во севкупното работење на Надзорниот одбор, особено во извршување на стратешката и надзорна функција на Одборот, преку успешно раководење со седниците, поттикнување на отворена и конструктивна дискусија на седниците, остварување на независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно анализирање на одлуките на Управниот одбор и избегнување на следење на колективните ставови и мислења во одборот. Г-динот Блаж Бродњак како Претседател на Надзорниот одбор со своето делување придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и

регулатива пропишана од Народната Банка на Република Северна Македонија.

За г-динот Блаж Бродњак врз основа на досегашното работење и делување како Претседател на Надзорниот одбор и во 2024 се потврдува дека, поседува репутација, соодветно и високо ниво на упатеност и професионалност во корпоративното управување што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на спроведените седници на Надзорниот одбор на Банката во 2024 година, водењето и учеството на седници, искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, се цени дека г-динот Бродњак посветил доволно и соодветно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Претседател на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за наградување и Член на Одборот за именување.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-дин Блаж Бродњак за остварување на функцијата Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за соодветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за наградување и како член на Одборот за именување и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временска расположливост.

Датум: 10.03.2025 Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

Прилог 1а

## Поединечна оцена на соодветноста на г-дин Боштјан Ковач, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | - Биографија (CV)<br>- Документација која ја доставил кандидатот<br>- Документација со која располага банката<br>- Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | - Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>- Економско-општествена позиција<br>- Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | - Лични, професионални или економски односи со банката<br>- Документација која ја доставил кандидатот | Да |
| Временска расположливост | -<br>- Документација која ја доставил кандидатот | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-дин Боштјан Ковач за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за соодветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-дин Боштјан Ковач се оценува за:

- **Соодветен**
- Несоодветен

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на г-дин Боштјан Ковач, Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, за 2024 година се потврдува со следното:

Г-дин Боштјан Ковач поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство на надзорни и други раководни позиции во банкарскиот, финансискиот сектор и реалниот сектор, при што тековно ја врши функцијата Директор на Секторот за управување со Групацијата (Group Steering) од 2023 година, како и Прокуратор во рамки на НЛБ д. д. Љубљана, од март 2021 година.

Тој се одликува со остварено повеќегодишно членство во надзорни одбори на членки на НЛБ Групацијата во Босна и Херцеговина, тековно членство во Надзорниот одбор на НЛБ Digit д.о.о. Београд од 2022 година, како и тековно членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 18.04.2022 година, како Член и Заменик Претседател на Одборот. Дополнително, од вториот квартал на 2024 година, г-дин Боштјан Ковач е член и на Надзорниот одбор на НЛБ Lease & Go до.о.о. Љубљана, Ваквиот професионален ангажман во надзорната функција, како и стекнатиот повеќегодишен професионален раководен ангажман во областа на финансиите,

сметководството, контролингот и корпоративното банкарство и малопродажбата, се соодветни за извршување на функцијата член на Надзорен одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се валидира и во изминатиот период во текот на 2024 година.

Г-дин Боштјан Ковач преку извршување на функцијата Заменик Претседател на Надзорниот одбор на Банката, како и неговото членство во Одборот за ревизија, Одборот за именување и Одборот за наградување во изминатиот период, како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, се карактеризира со одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во банкарскиот сектор и континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите, банкарското работење и менаџментот, како и други релеватни теми врзани со банкарското работење, како: одржливоста и ESG Факторите, cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци и други актуелни теми врзани со банкарската регулатива и дигитална трансформација во работење кои ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Исто така се смета дека к-динот Боштјан Ковач во 2024 година како Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, посветил доволно време потребно за негово дополнително континуирано стручно усовршување, при што како теми во 2024 година се издвојуваат Cyber безбедноста и неговите предизвици, дигитална трансформација во работењето и алатки на вештачката интелегенција во работењето.

Се оценува дека за г-динот Боштјан Ковач, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2024 година не биле идентификувани околности за појава на судир на интереси кои ја ограничувале неговата способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор.

Г-дин Боштјан Ковач презентира спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења.Тој како член на Надзорниот одбор со своето делување придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

За г-динот Боштјан Ковач, врз основа на негово работење и делување како Член на Надзорниот одбор во 2024 потврди дека, се оценува дека поседува репутација, упатеност и професионалност во корпоративното управување што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Во врска со учеството во осумнаесет седници на Надзорниот одбор на Банката во текот на 2024 година, искажаното активно конструктивно учество во работата на Надзорниот одбор, се цени дека г-динот Ковач, посветил доволно внимание, време и ангажираност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор и Заменик на Преседател на Одборот, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Член на Одборот за ревизија, Претседател на Одборот за именување и член на Одборот за наградување.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-дин Боштјан Ковач за остварување на функцијата член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за соодветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје како

NLB Banka

и на задолженијата и во другите тела во Банката, како член на Одборот за ревизија, Претседател на Одборот за именување и член на Одборот за наградување и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост.

Датум: 10.03.2025

Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

доверливо

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-дин Зоран Јовановски, независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

a) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

b)

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | - Биографија (CV)<br>- Документација која ја доставил кандидатот<br>- Документација со која располага банката<br>- Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | - Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>- Економско-општествена позиција<br>- Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | - Лични, професионални или економски односи со банката<br>- Документација која ја доставил кандидатот | Да |
| Временска расположливост | - Документација која ја доставил кандидатот | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на на г-дин Зоран Јовановски за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за содветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост.

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-дин Зоран Јовановски се оценува за:

- **Соодветен**
- Несоодветен

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на Зоран Јовановски, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година се потврдува со следното:

Г-дин Зоран Јовановски се одликува со долгогодишното успешно професионално работно искуство. Поголем дел од неговиот професионален ангажман е во финансискиот сектор, како носител на раководни функции и стручни работни позиции во комерцијалните банки во Република Северна Македонија, како и ангажман во сегментот на супервизијата, како носител на функции и надлежности во Народна банка на Република Северна Македонија во делот на банкарската супервизија, монетарната политика и финансиската стабилност. Исто така, г-дин Јовановски поседува и неколкугодишно професионално искуство како Потпретседател на Стопанска комора на Македонија, и во моментот како советник во Кабинетот на Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија за макроекономски прашања и јавни финансии. .

Неговото неколкугодишно членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 2020 година, остварувањето на раководни функции во банкарскиот сектор, како и искуството во вршењето на раководни и експертски функции во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите од функцијата Независен член на Надзорниот одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се потврди и во изминатиот период и во текот на 2024 година.

Г-дин Зоран Јовановски преку остварување на функцијата на Независен член на Надзорниот одбор на Банката, како и Втор заменик на Претседателот на Надзорниот одбор, вклучително и членството во Одбор за ревизија, Одбор за именување и Одбор за наградување во изминатиот период, како и со здобиеното продлабочено знаење од областа на финансиите, банкарското работење, корпоративното управување, вршењето на улогата и функцијата во органите на управување и надзор, се карактеризира со одлично познавање на корпоративното управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, знаење, стручност и компетенции здобиени преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење и дигитална трансформација во работење кои ја потврдуваат неговата соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Независен член на Надзорниот одбор.

Исто така, се оценува дека г-дин Зоран Јовановски во 2024 година посветил доволно време потребно за неговото дополнително континуирано професионално усовршување, особено за борба против корупцијата, Cyber безбедноста и неговите предизвици и дигитална трансформација во работењето.

Се оценува дека за г-динот Зоран Јовановски, во 2024 година не биле идентификувани нови околности за појава на судир на интереси што ја ограничувале неговата способност за вршење на функцијата независен член на Надзорниот одбор.

Од страна на г-дин Зоран Јовановски претходно беа обелоденети околности за постоење на судир на интереси, за коишто беше извршена процена на ризикот што произлегува од судирот на интереси согласно Политиката за управување со судир на интереси и спречување корупција во НЛБ Банка АД Скопје, каде што беше констатирано следното:

- Г-динот Зоран Јовановски е основач и сопственик на 31,5 % од уделот на Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје (во понатамошниот текст: ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО), кое е издавач на економскиот магазин „Економија и Бизнис“ со кое Банката претходно имала воспоставено директен деловен однос на начин што биле склучени едногодишни договори за услуги (01.09.2019 - 31.08.2020 година и 01.09.2020- 31.08.2021 година) за закуп на рекламен простор (време) на веб порталот и објава на рекламни огласи во печатените изданија на магазинот „Економија и бизнис". По истекот на овој договор, повремен закуп на рекламен простор се вршел индиректно преку маркетинг агенцијата согласно потребите во рамките на маркетинг кампањи на банката, без значителен материјален ефект.

  Имајќи ги предвид наведените околности, Банката имаше определено мерки потребни за управување на судирот на интереси согласно интерните акти, кои што важеле во временскиот период додека траела соработката со горенаведеното друштво.

На ден 25.01.2024 година, од страна на управителот на ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО беше доставена Изјава, во која се наведува дека почнувајќи од 01.03.2024 година па се до истекот на мандатот на г-дин Зоран Јовановски како независен член на Надзорен одбор на Банката, друштвото ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО нема да остварува било каква соработка со НЛБ Банка АД Скопје што би резултирала со трансфер на средства од Банката директно кон ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО или преку некоја маркетинг агенција, која би можела да се смета за соработка помеѓу Банката и ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО.

Почнувајќи од 29.09.2022 година, г-дин Зоран Јовановски бил именуван за член на Управен Одбор на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -Тиквеш експорт-импорт АД Кавадарци (во понатамошниот текст: ВИНАРСКА ВИЗБА -Тиквеш), чијашто дејност се однесува на производство на вино од грозје, коешто друштво е клиент на БанкатаОд страна на г-дин Јовановски беше добиена информација дека има поднесено Оставка од позицијата член на Управен одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА -Тиквеш. Имајќи ги предвид наведените околности, Банката имаше определено мерки, потребни да се преземат

за управување на судирот на интереси согласно интерните акти, се до бришење на г-дин Зоран Јовановски како член на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА-Тиквеш во евиденцијата во Централниот Регистар на Република Северна Македонија. Од страна на г-дин Јовановски беше доставена тековна состојба на друштвото ВИНАРСКА ВИЗБА-Тиквеш со датум 12.02.2024 година, со којашто се потврди дека г-динот Јовановски повеќе не е член на Управниот Одбор на ова друштво и е избришан од евиденцијата на Централниот регистар на РСМ.

- Г-дин Зоран Јовановски се јавуваше како еден од сопствениците на Здружение Форум за разумни политики Скопје, кое има за цел и задача поттикнување на демократизација и европеизација, стручна анализа на општествено-економските процеси, промоција на инклузивно носење одлуки, унапредување и афирмација на општествена положба на младите.

  Од страна на г-дин Јовановски беше доставена е информација дека најдоцна до крајот на првата половина на 2024 година ќе истапи од сопственичката структура на Здружението, а

  имајќиво предвид дека Здружението е клиент на Банката, Банката имаше определено мерки потребни за управување на судирот на интереси согласно интерните акти. Обврската на кандидатот за исполнување на определените мерки за управување со судир на интереси важеше до бришење на г-дин Зоран Јовановски како еден од сопствениците на Здружение Форум за разумни политики Скопје, во евиденцијата во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

  Од страна на г-дин Јовановски беше доставена тековна состојба на Здружение Форум за разумни политики Скопје со датум 26.04.2024 година, со којашто се потврдува дека од г-динот Јовановски повеќе не е еден од сопствениците на Здружението и овој податок е избришан од евиденцијата на Централниот регистар на РСМ.

Г-дин Зоран Јовановски во тековниот негов ангажман како независен член на Надзорниот одбор на Банката и во 2024 година, искажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Тој како независен член на Надзорниот одбор, даде голем придонес за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

Г-дин Зоран Јовановски, врз основа на неговото работење и делување како Независен член на Надзорниот одбор во 2024 потврди дека, поседува углед, упатеност и професионалност во корпоративното управување што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на учеството во седумнаесет седници на Надзорниот одбор на Банката во 2024 година, искажаното активно конструктивно учество во работата на Надзорниот одбор, се цени дека г-дин Зоран Јовановски, посветил доволно внимание, време и ангажираност на функцијата и извршување на обврските за Независен член на Надзорен одбор и Втор заменик на Претседателот на Надзорниот одбор, со негова непречена достапност, присуство и проактивно учество на седниците на Надзорниот одбор и другите тела во Банката, како Член на Одборот за ревизија, Одборот за именување и Одборот за наградување.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-дин Зоран Јовановски за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истиот е оценет за соодветен и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и Втор заменик на Претседателот на Надзорниот одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Член на Одборот за ревизија, Одборот за именување и Одборот за

наградување, и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временска расположливост.

Датум: 10.03.2025

Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | - Биографија (CV)<br>- Документација која ја доставила кандидатката<br>- Документација со која располага банката<br>- Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | - Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>- Економско-општествена позиција<br>- Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | -Лични, професионални или економски односи со банката<br>-Документација која ја доставила кандидатката | Да |
| Временска расположливост | -Документација која ја доставила кандидатката | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац се оценува за:

- **Соодветна**
- Несоодветна

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година се потврдува со следното:

Долгогодишното успешно, раководно, професионално работно искуство во банкарскиот сектор (НЛБ д.д. Љубљана, Република Словенија) на високи менаџерски позиции во сегментот на управувањето со глобалните ризици со специјалност во управувањето со кредитниот, пазарниот и ликвидносниот ризик, управувањето со оперативните ризици и уредувањето на процесите на коодлучување (underwriting), како и повеќегодишното членство во Одборот за ревизија во НЛБ Банка Бања Лука (банка - членка на НЛБ Групацијата), како и извршување на функцијата член на Надзорниот одбор и Претседател на Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје во изминатиот период, ја поткрепуваат соодветноста за извршување на надлежностите за

функцијата член на Надзорен одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се потврди и во изминатиот период во текот на 2024 година.

Таа преку остварување на функцијата на Член на Надзорниот одбор на Банката, како и функциите на Претседател на Одборот за ревизија, Член на Одбор за наградување и Одбор за именување, заедно со стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење и финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, се одликува со одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното здобиено професионално искуство и образование, стручност и компетенции стекнато преку континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите, банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење во изминатиот период, како: банкарските ризици и регулаторните барања, одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста и неговите предизвици, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење и дигиталната трансформација во работењето,ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Исто така се цени дека Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац во 2024 година посветила адекватно време потребно за нејзино дополнително континуирано стручно надоградување, особено во делот на  Cyber безбедноста и неговите предизвици, дигиталната трансформација во работењето и алатки на вештачката интелегенција во работењето.

Се оценува дека за г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје и во 2024 година не биле идентификувани околности за појава на судир на интереси кои би ја ограничиле нејзината способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор.

Таа искажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Таа како член на Надзорниот одбор со своето работење придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

Врз основа на искажанато работење и делување, се потврди дека г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, како Член на Надзорниот одбор во 2024,, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на учеството во шеснаесет седници на Надзорниот одбор на Банката во 2024, како и искажаната иницијатива и проактивност во работењето на Надзорниот одбор, се констатира дека Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, дедицирала доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Член на Надзорен одбор, како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за ревизија, член на Одборот за наградување и Член на Одборот за именување.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје како и на задолженијата и во другите тела во Банката, како Претседател на Одборот за ревизија, Член на Одбор за наградување и Одбор за именување и тоа: критериумите за знаење,

вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временска расположливост

Датум: 10.03.2025

Потписи на овластените лица:

Дејан Мацоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

NLB Banka

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-ѓа Андреја Стражишар за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024**

а) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | – Биографија (CV)<br>– Документација која ја доставила кандидатката<br>– Документација со која располага банката<br>– Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | – Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>– Економско-општествена позиција<br>– Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | – Лични, професионални или економски односи со банката<br>– Документација која ја доставила кандидатката | Да |
| Временска расположливост | – Документација која ја доставила кандидатката | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Андреја Стражишар за функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна, и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост.

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-ѓа Андреја Стражишар се оценува за:

- **Соодветна**
- Несоодветна

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на г-ѓа Андреја Стражишар, Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, за 2024 година се потврдува со следното:

Г-ѓа Андреја Стражишар поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство во банкарскиот сектор, од кои над 16 години на раководни позиции во сегментот на финансискиот контролинг во Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Република Словенија, и тоа над 6 години како Директор на Сектор и 10 години како Заменик директор на истиот сегмент.
Во досегашното искуство како менаџер во делот на контролингот, се одликува со активен

професионален ангажман, како одговорна за компетенциите за контролингот на ниво на НЛБ Групацијата, како и ко-лидер во Групата за управување на капиталот на Групацијата.

Нејзиното членство и придонес во работењето на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 2021 година, како и членството во Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје во изминатиот период, се соодветни за извршување на надлежностите за функцијата член на Надзорниот одбор на Банката, што се потврди и во текот на 2024 година.

Г-ѓа Андреја Стражишар преку остварување на функцијата на Член на Надзорниот одбор и другите менаџерски функции во областа на контролингот во банкарското работење, како и стекнатото продлабочено знаење од областа на банкарското работење, финансиите, корпоративното управување и улогата и функцијата на органите на управување и надзор, поседува одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во банкарскиот сектор и постојаните професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите и банкарското работење и менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста и неговите предизвици, заштита на личните податоци, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Член на Надзорниот одбор.

Исто така, се цени дека г-ѓа Андреја Стражишар во 2024 година дедицирала соодветно време потребно за нејзино дополнително перманентно стручно надоградување, особено во делот на Cyber безбедноста и неговите предизвици и дигиталната трансформација во работењето.

Се оценува дека за г-ѓа Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2024 година не биле идентификувани околности за појава на судир на интереси што ја ограничувале нејзината способност за вршење на функцијата Член на Надзорен одбор.

Г-ѓа Андреја Стражишар демонстрира подготвеност за непречено, целосно, објективно и независно извршување на надлежностите на Надзорниот одбор, преку остварување на независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Таа како член на Надзорниот одбор со своето делување придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

Се оценува дека г-ѓа Андреја Стражишар, како Член на Надзорниот одбор во 2024, поседува углед што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на учеството во седумнаесет седници на Надзорниот одбор на Банката во 2024, презентираната иницијатива и конструктивност во работењето на Надзорниот одбор се смета дека г-ѓа Андреја Стражишар, посветила доволно внимание и ангажираност на функцијата и извршување на обврските од функцијата Член на Надзорен одбор, , како и член на Одборот за ревизија.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Андреја Стражишар за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветноста и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје како и член на Одборот за ревизија и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација,

- интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временска расположливост.

Датум: 10.03.2025

Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-ѓа Наташа Пукл за независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

**а) Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | - Биографија (CV)<br>- Документација која ја доставила кандидатката<br>- Документација со која располага банката<br>- Споредување на податоците | Да |
| Репутација, интегритет и чесност | - Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>- Економско-општествена позиција<br>- Информации во медиумите | Да |
| Судир на интереси и независност | -Лични, професионални или економски односи со банката<br>-Документација која ја доставила кандидатката | Да |
| Временска расположливост | -Документација која ја доставила кандидатката | Да |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Наташа Пукл на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна, и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост.

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-ѓа Наташа Пукл се оценува за:

- **Соодветна**
- Несоодветна

**Образложение за оцената:**

Соодветноста на г-ѓа Наташа Пукл, Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со мандат од 29.05.2024 година, за 2024 година се потврдува со следното:

Г-ѓа Наташа Пукл се одликува со докажано долгогодишно професионално работно искуство во банкарскиот сектор во Република Словенија, како носител на високи надзорни, управувачки и менаџерски позиции во комерцијалните банки, како и носител на менаџерски позиции и извршување на експертска/советодавна функција во делот на банкарската супервизија во Банка на Словенија.

Имено, г-ѓа Пукл, својата кариера во банкарскиот сектор ја започнала, како советник во сектор за организација и развој на технологија, за да продолжи со нејзино професионално напредување на различни раководни позиции, од раководител, помошник директор на сектор, директор на сектор во делот на финансиите и сметководството, до заменик генерален директор на банка, како и член на Управен одбор (CFO - Chief Financial Officer), одговорен за целокупните финансиски активности, поконкретно за сметководство, контролинг, буџетирање, ликвидност, платен промет и документарно работење, играјќи витална улога во стратешките иницијативи на компанијата.

Исто така, г-ѓа Наташа Пукл се истакнува и со повеќегодишно професионално искуство од областа на супервизијата на највисоки менаџерски позиции (Заменик директор и Директор) на Секторот за супервизија во Банка на Словенија, како и Сениор советник експерт во истиот сектор, по нејзиното пензионирање, како нејзин стручен ангажман. Покрај ова, г-ѓа Наташа Пукл во нејзиниот професионален ангажман бележи и остварување на функција на член на Надзорен одбор на Сбербанк Банка д.д. Љубљана, Република Словенија (подоцна именувана во Н Банка д.д) до август 2023 година, а од 29.05.2024 година со членството во Надзорниот одбор во НЛБ Банка АД Скопје како Независен член, дополнително се валидира, нејзината стручност, знаење и компетенции за вршење на функцијата на независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

Г-ѓа Наташа Пукл во својата професионална кариера се карактеризира и со долгогодишен ангажман и остварено членство во специјализирани стручни тела од областа на банкарството и супервизијата, и тоа во: член на надзорен одбор на Европската банкарска агенција (ЕВА) и CEBS (како претходник на ЕВА), член на BSC (Banking Supervisory Comity) на Европската Централна банка (ЕСВ), член на BSCEE (Одбор на супервизори на земјите од Централна и Источна Европа), член на SCOP (Подкомитет на ЕВА за супервизорските практики). Од 2015 година, таа членува во Словенечкото здружение на менаџери (Združenje nadzornikov Slovenije - ZNS), како овластен менаџер.

Адекватното здобиено професионално искуство и образование, стручност и компетенции стекнато преку континуирано учество во професионални стручни усовршувања и обуки од областа на финансиите, банкарството, сметководството, финансиските анализи, финансиското известување, супервизијата, ревизијата, менаџментот и корпоративното управување, Cyber безбедноста и неговите предизвици, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење и дигиталната трансформација во работењето ја валидираат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Независен член на Надзорниот одбор.

Исто така се цени дека г-ѓа Наташа Пукл во период на нејзиниот мандат во 2024 година, посветила соодветно време потребно за нејзино дополнително континуирано стручно надоградување, особено во делот на Cyber безбедноста и неговите предизвици и дигиталната трансформација во работењето.

Се оценува дека за дека г-ѓа Наташа Пукл, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во период на нејзиниот мандат во 2024 година не биле идентификувани околности за појава на судир на интереси кои би ја ограничиле нејзината способност за вршење на функцијата Независен член на Надзорниот одбор.

Таа презентира спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, оствари независна и објективна оцена на решенијата и одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно ги анализираше одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Таа како Независен член на Надзорниот одбор со својот ангажман придонесе за доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

Се оценува дека г-ѓа Наташа Пукл во период на нејзиниот мандат во 2024 година, врз основа на покажаното работење и делување, како Независен член на Надзорниот одбор на Банката, поседува репутација, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Врз основа на континуираното учество во одржаните седници на Надзорниот одбор на Банката во рамки на нејзиниот мандат во текот на 2024 година, како и искажаната иницијатива и

NLB Banka

проактивност во работењето на Надзорниот одбор, се констатира дека г-ѓа Наташа Пукл, посветила адекватно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Независен член на Надзорен одбор.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Наташа Пукл за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Независен Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временска расположливост

Датум: 10.03.2025г.

Потписи на овластените лица:

Дејан Маџоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

Прилог 1а

**Поединечна оцена на соодветноста на г-ѓа Матеја Тревен, независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

а) **Проверка на целовитоста на информациите и усогласеноста на податоците со документацијата**

| Критериум | Документи | Соодветност |
|---|---|---|
| Знаење, вештини и искуство | - Биографија (CV)<br>- Документација која ја доставила кандидатката<br>- Документација со која располага банката<br>- Споредување на податоците | **Да** |
| Репутација, интегритет и чесност | - Кривична постапка/Казнена постапка/прекршочна постапка<br>- Економско-општествена позиција<br>- Информации во медиумите | **Да** |
| Судир на интереси и независност | - Лични, професионални или економски односи со банката<br>- Документација која ја доставила кандидатката | **Да** |
| Временска расположливост | - Документација која ја доставила кандидатката | **Да** |

**б) Вкупна оцена:**

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа Матеја Тревен за функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата Независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост.

По деталниот преглед на релевантната документација и информации, г-ѓа Матеја Тревен се оценува за:

- **Соодветна**
- Несоодветна

**Образложение на оцената:**

Соодветноста на г-ѓа Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје со мандат до 28.05.2024 година за 2024 година се потврдува со следното:

Г-ѓа Матеја Тревен поседува долгогодишно успешно професионално работно искуство на надзорни и други раководни позиции во банкарскиот и осигурителниот сектор, како и консултантски и извршни функции во професионални компании/здруженија за обезбедување на експертски услуги од областа на финансиите и одржливиот развој, при што тековно ја врши функцијата директор и коосновач на друштвото Blockhapp d.o.o. Љубљана.

Дополнително, г-ѓа Матеја Тревен се карактеризира и со повеќегодишно членство во Здружението за овластени финансиски аналитичари (CFA) Словенија, а од јули 2020 година, и како член на Одборот на директори на Здружението.

Нејзиното неколкугодишно членство во Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје од октомври 2020 година, членството во Надзорниот одбор и Одбор за ревизија на НЛБ Банка Приштина од 2021 година, како и членството во надзорни одбори и остварување на извршни менаџерски функции во другите сегменти на финансиското работење и пошироко во изминатиот период, е оценето како соодветно за извршување на надлежностите за функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката во НЛБ Банка АД Скопје, што се констатира и во 2024 година (до истек на нејзиниот мандат до 28.05.2024 година).

Г-ѓа Матеја Тревен преку остварување на функцијата на Независен член на Надзорниот одбор на Банката и здобиеното продлабочено знаење од областа на финансиите, управување со инвестициите, финансиското сметководство, финансиската анализа, осигурувањето, банкарското работење, корпоративното управување, улогата и функцијата на органите на управување и надзор се карактеризира со соодветно познавање на корпоративото управување на Банката, особено нејзината финансиска состојба и профил на ризичност.

Соодветното стекнато професионално искуство, образование, стручност и компетенции здобиени преку професионалниот ангажман во финансискиот сектор и континуирани професионални стручни усовршувања и обуки во областа на финансиите, инвестициското управување и банкарското работење, менаџментот и други релеватни теми врзани со банкарското работење и корпоративното управување, како: одржливоста и ESG Факторите, Cyber безбедноста, заштитата на личните податоци, спречување на перење на пари, како и други актуелни теми врзани со регулативата и спецификата на банкарското работење, ја потврдуваат нејзината соодветност за професионално искуство и знаење за позицијата Независен член на Надзорниот одбор.

Исто така се смета дека г-ѓа Матеја Тревен и во 2024 година (во рамки на нејзиниот мандат до 28.05.2024 година), посветила време за нејзино стручно надоградување.

Се оценува дека за г-ѓа Матеја Тревен, во 2024 година, за времетраењето на нејзиниот мандат во Банката, не биле идентификувани нови околности за појава на судир на интереси што ја ограничувале нејзината способност за вршење на функцијата независен член на Надзорниот одбор.

Од страна на г-ѓа Матеја Тревен претходно беа обелоденети околности за постоење на потенцијален судир на интереси, согласно Политиката за управување со судир на интереси и спречување корупција во НЛБ Банка АД Скопје, каде што беше констатирано следното:

- Г-ѓа Матеја Тревен е директор на друштвото Blockhapp d.o.o. Словенија, а имајќи ја во предвид дејноста на друштвото (други деловни консултантски услуги, истражување и развој во областа на природните науки и технологијата), истото би можело да се јави во улога на давател на услуги и на компании кои работат и дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид наведените околности, Банката определи мерки потребни за управување на околностите на судирот на интереси согласно интерните акти и тоа:

- Г-ѓа Тревен беше должна да обелодени околности за судир на интереси доколку друштвото Blockhapp d.o.o од Љубљана, во кое се јавува во функција на директор, давало услуги на компании кои работат и дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија.
- Обврската на г-ѓа Тревен за исполнување на определената мерка траеше за целото времетраење на мандатот.

Исто така, г-ѓа Матеја Тревен претходно ја обелодени нејзината функција во рамките на Одборот за ревизија на Luka Koper d.d, и Одборот на директори на Институтот CFA Society Slovenia притоа не беа утврдени околности на судир на интереси поврзани со НЛБ Банка АД Скопје за времетраење на нејзиниот мандат во Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

Г-ѓа  Матеја Тревен во период на нејзиниот мандат во 2024 година, прикажа спремност за непречено, целосно, објективно и независно извршување надлежностите на Надзорниот одбор, преку независна и објективна оцена на одлуките коишто се предлагаа од другите членови на Надзорниот одбор,  самостојно анализирање одлуките на Управниот одбор и избегнуваше следење на колективните ставови и мислења. Г-ѓа  Матеја Тревен како Независен член на Надзорниот одбор со своето работење во рамки на мандатот во 2024 година, оствари доследна примена и практикување на основните начела на корпоративно управување, како и почитување на законските прописи и регулатива пропишана од Народната Банка на Северна Република Македонија.

Г-ѓа  Матеја Тревен, како Независен член на Надзорниот одбор во 2024 (во рамки на нејзиниот мандат до 28.05.2024 година) потврди, дека има репутација и професионалност во коропоративното управување, што, меѓудругото, подразбира почитување на законските одредби и договорните обврски, соработка со супервизорските и со другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на Банката.

Согласно, седниците на Надзорниот одбор на Банката остварени во рамки на нејзиниот мандат до 28.05.2024 година, манифестираната иницијатива и соработка во работењето на Надзорниот одбор, како и информациите за членствата во Одборот за ревизија во друштвото Лука Копер (Port of Koper), за која функција издвојувала по 8 часа месечно и 2 часа месечно за Одборот на директори на Институтот CFA Society Slovenia, се констатираше дека г-ѓа Матеја Тревен, посветила доволно внимание и посветеност на функцијата и извршување на обврските за Независен член на Надзорен одбор, со нејзино непречено учество и присуство на организираните седници на Надзорниот одбор.

Врз основа на горенаведените документи и информации, извршена е оцена на соодветноста на г-ѓа  Матеја Тревен за остварување на функцијата независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со која истата е оценета за соодветна и се утврдува дека ги исполнува одделните критериуми за остварување на функцијата независен член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје и тоа: критериумите за знаење, вештини и искуство; репутација, интегритет и чесност; судир на интереси и независност и временската расположливост

Датум:  10.03.2025 година

Потписи на овластените лица:

Дејан Матоски
Директор
Сектор за човечки ресурси

Матеја Папеж
Директор
Центар за усогласување на прописите и интегритет

Прилог 1б

**Колективна годишна оцена на соодветноста на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година**

Се констатира дека Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во текот на 2024 година, во следниот состав:

- Блаж Бродњак, Претседател на Надзорниот одбор
- Боштјан Ковач, Заменик претседател на Надзорниот одбор
- Зоран Јовановски, Втор заменик претседател на Надзорниот одбор и независен член на Надзорниот одбор
- Кристина Ковачич Бјелајац, Член на Надзорниот одбор
- Андреја Стражишар, Член на Надзорниот одбор
- Матеја Тревен, Независен член на Надзорниот одбор до 28.05.2024 година
- Наташа Пукл, Независен член на Надзорниот одбор од 29.05.2024 година,

демонстрираше посветеност и ефикасно работење во остварување на надзорот над работењето на Управниот одборот и законски пропишаните одбори и потврди дека ги поседува знаењата, компетенциите и искуството потребно за независен надзор на работењето на НЛБ Банка АД Скопје, со особен акцент на сеопфатното познавање и разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена.

Надзорниот одбор во остварувањето на надзорот во 2024 година, продолжи доследно и ефикасно да ги извршува работите од својата надлежност, и обезбеди континуитет во остварување на својата надзорна функција во поглед на севкупното работење на банката и решавањето на значајни прашања за работењето на банката со стручен и професионален пристап на членовите на Надзорниот одбор, согласно законската регулатива и барања.

Во текот на 2024 година се одржаа осумнаесет седници на Надзорниот одбор со континуирано учество на членовите на Одборот, на коишто се донесоа значајни одлуки за решавање на прашања од неговатата надлежност, контрола и следење на работењето на банката. Активна вклученост на членовите на Одборот и нивното меѓусебно дополнување со искажани објективни независни ставови во одлучувањето и остварувањето на надзор на работењето, беа одлика на нивното работење и во 2024 година.

Надзорниот одбор во 2024 година одговорно ги вршеше своите активности во насока на обезбедување на добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ. Надзорниот одбор, особено, ги насочи своите активности и работење кон продолжување на профитабилното работење на Банката и задржување на водечката позиција на Банката во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија.

Врз основа на ова, се цени дека составот на Надзорниот одбор поседува способност за размена на искуства и знаења и меѓусебна соработка во вршење на надзор на Банката, како и носење на индивидуални објективни и непристрасни одлуки при надзорот.

Тоа се потврдува и преку активното учество во работата на состаноците на Одборот на членовите на Надзорниот одбор во текот на 2024 година, во насока на спроведување на надзорот на работењето на Банката, обезбедување на добро работење, управување и стабилност на Банката.

Се констатира дека членовите на Надзорниот одбор во ваков состав во 2024 година поседуваат соодветни компетенции и стручност во банкарското работење потребни за остварување на надзор на работењето, способност за меѓусебна соработка и размена на искуства и знаења со потребната објективност и конструктивност во излагањата, независност и самостојност во одлучувањето и извршувањето на надлежностите, како и посветување на соодветно време за извршување на обврските што произлегуваат од членството во Надзорниот одбор и

членството во другите одбори на банката во коишто се назначени, како и посветување на време за нивно континуирано стручно надоградување.

Се потврдува дека членовите на Надзорниот одбор имаат стекнато долгогодишно професионално работно искуство од различни области на банкарскиот и финансискиот сектор како носители на раководни и надзорни функции, што овозможува Надзорниот одбор ефикасно и соодветно да врши надзор на работењето на Банката и Управниот одбор, да ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и останатите политики и да го следи нивното спроведување согласно Законот за банките и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, како и да обезбедува добро работење, управување и стабилност на Банката, и навремено и точно финансиско известување на НБРСМ.

Разновидното професионално искуство и знаење се состоеше од познавање на процесите и искуството со кои располагаа членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, и се однесуваат на: управувањето со ризиците, вршењето финансиски анализи, финансиското известување и сметководство, информациската технологија, пазарите на капитал, стратегиското планирање, корпоративното управување, внатрешната ревизија, остварување на банкарска супервизија, усогласеноста со прописите, наградувањето на успешноста во работењето, спречување на перење пари и борба против тероризмот, ЕСГ стандардите, разбирањето на локалната, регионалната економија, како и глобната економија и финансии, како и познавањето на релевантната домашна регулатива и меѓународни стандарди од банкарското работење.

Имено, се валидира дека членовите на Надзорниот одбор поседуваат докажани управувачки и надзорни вештини, стекнати продлабочени знаења и висока компететност од областа на финансиите, банкарското работење, супервизијата на банкарското работење и корпоративно управување, и истото го искажаа и во 2024 година со соодветен придонес кон ефикасно остварување на надзорот и работата на Одборот.

Со колективната годишна позитивна оцена на Надзорниот одбор како колективен орган, се потврдува исполнувањето на предусловите за колективно донесување на стручни одлуки и поседувањето на соодветно знаење, компетенции и искуство за обезбедување на услови за добро и стабилно работење и управување со Банката во согласно законските барања и етичките професионални стандарди на банкарското работење, кое се потврди и докажа во 2024 година.

Прилог 1в

**Оцена на сопствената работа за 2024 од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

**Извештај за анализа на спроведената самоцена за 2024, дадена во продолжение**

## 1. Вовед

Најдобрата пракса на корпоративното управување препорачува работата на Надзорниот одбор („НО“) да биде оценувана на годишно ниво. Ова е уредено и со Одлуката за добро корпоративно уредување на банка издадена од НБРСМ, како составен дел на годишната оцена на Надзорниот одбор. Исто така, ваквата постапка е инкорпорирана во Политиката за управување со Групацијата НЛБ, и пред пет години се воведени стандардизирани активности на групациско ниво. Целта на таквата постапка е да се идентификуваат областите кои бараат подобрувања во работењето на Надзорниот одбор и да се прецизираат приоритетите и потребните мерки. Прашањата во главно се однесуваат на евалуација на ефективноста на одборот, неговиот состав, потенцијалниот конфликт на интереси, улогата на поединечен член и квалитетот на соработката со Управниот одбор.

## 2. Извршно резиме

Прашалници за самооценување беа испратени до 6 членови[1] на Надзорниот одбор на НЛБ Банка Скопје и сите членови ги пополнија прашалниците.

Резимето на анализата на прашалниците ја покажува просечната оценка (мин. 1, макс. 4) на главните области на работење на НО и нивното индивидуално мислење во однос на силните и слабите страни на НО, како што следува:

| **А** | **РАМКА ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**<br>*Политика за корпоративно управување (CGP), Политика за диверзитет, Политика за наградување, Политика за одржливост или друг еквивалентен документ* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br>**3.6.**<br>**(2023: 3.6; 2022: 3.4)** | <u>Наоди:</u> Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка Скопје и Политиката за наградување на вработените во НЛБ Банка Скопје беа донесени во декември 2024 година. Политиката за обезбедување диверзитет во органите на управување и и високото раководство во НЛБ Банка Скопје беше донесена во април 2023 година. Политика за одржливост и Рамка на политики за еколошки и социјални аспекти во НЛБ Банка АД Скопје, беа донесени во јули 2024 година. |

[1] Еден независен член на Надзорниот одбор го започна со мандатот на 29.05.2024

NLB Banka

| Б | ***НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НО И ВОВЕДУВАЊЕ***<br>*Дефинирање на критериумите за селекција на кандидати, постапки за селекција, програма за воведување (Onboarding)* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.6**<br><br>**(2023: 3.4; 2022: 3.5)** | Наоди: Утврдениот состав на НО е дефиниран во Политиката за корпоративно управување на Групацијата и дополнет со независни членови на НО. Постапката за избор на кандидат е транспарентна, претходно усогласена со НЛБ дд и во согласност со интерниот акт на Банката.<br>Коментари од членовите на НО:<br>• Според локалната регулатива, поголемите акционери предлагаат членови на НО. Во овој случај, НО не го обезбедува активно пребарувањето, туку ги оценува кандидатите. Во врска со ова, НЛБ ја воспостави неопходната рамка (политика на селекција) вклучувајќи ги принципите за проценка на F&P/диверзитет.<br>• Секогаш има простор за поефективен и посеопфатен процес на воведување (Onboarding), односно учењата/обуките треба да се користат за континуирани подобрувања. |

| В | ***СОСТАВ НА НАДЗОРЕН ОДБОР***<br>*Вештини, знаење и искуство на членовите на НО, диверзитет на составот и бројот на членовите на НО, процедура за оценка на соодветноста (fit& proper)* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**4.0**<br><br>**(2023: 3.9; 2022:3.9** | Наоди: Комбинацијата од избрани професионални искуства на членовите на Надзорниот одбор е комплементарна, како и прилагодена на предизвиците и плановите. Бројот на членови на Надзорниот одбор овозможува назначување на членови во одборите на НО. Процедурата за оценка на соодветноста (fit& proper) е дел од процесот на именување. |

| Г | **ЗАДАЧИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>*Стратегиски менаџмент, контрола на работењето на Банката, сегмент на управување со човечки ресурси* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.7**<br><br>**(2023: 3.4 2022: 3.6)** | Наоди: Надзорниот одбор редовно и ефикасно го контролира финасиското работење на Банката и другите области на работењето. Редовен квартален извештај за човечки ресурси беше имлементиран во 2023 година.<br><br>Коментари од членовите на НО:<br>• Стратегијата на ниво на Групацијата е дефинирана на ниво на матичната институција, додека членките очигледно се витален дел од согледувањата. Тие беа значајно вклучени во процесот на креирање стратегии, но секогаш постоеше можност за уште поинтензивни усогласувања. Генерално, стратешката рамка на Банката сеопфатно ги опфаќа специфичните приоритети на банката/членката, а истовремено е во согласност со стратешката рамка на Групацијата на која и припаѓа.<br>• Да се подготви и усвои стратегија. |

NLB Banka

| Д | **ОДНОСИ СО УПРАВНИОТ ОДБОР**<br>*Назначување на членови на УО, квалитет на соработка, евалуација на перформансите, наградување* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**4.0**<br><br>**(2023: 3.8; 2022: 3.9)** | Наоди: Постапката за избор на кандидат е транспарентна, дефинирана од матичната компанија и вградена во интерните акти на Банката. Надзорниот одбор редовно и систематски ги оценува перформансите на Управниот одбор. Критериумите за успешност (финансиски и нефинансиски критериуми) се менуваат секоја година и ги дефинираат квантитативните и квалитетните мерки и пондерите за наградувањата на Управниот одбор.<br><br>Коментар од член на НО:<br>Во 2024 година имаше случувања што доведоа до губење на довербата во Претседателот на УО (CEO) и негова замена, паралелно со регрутирањето на членот на УО за банкарство на мало. |

| Ѓ | **КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**<br>*Навременост и квалитет на материјалите, доверливост на информациите, квалитет на известување, известувачи;* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.6**<br>**(2023: 3.4 2022: 3.6)** | Наоди:<br>Членовите на Надзорниот одбор најчесто материјалите ги добиваат навреме; некои материјали, сепак, повремено пристигнуваат доцна. Квалитетот на материјалите за седниците на Надзорниот одбор беа подобрени, но сè уште има можни подобрувања во подготовката на добро структурирани извршни резимеа што би ја воделе дискусијата до области од материјален интерес / проблематични области. Деловната тајна/доверливост е заштитена.<br><br>Коментар од Членовите на НО:<br>Материјалите на Одборот секогаш би можеле да бидат поефективни во прикажувањето на клучните пораки, така што има континуиран простор за подобрување.<br>· Повеќето материјали се добро подготвени, но некои материјали би можеле да содржат сублимирано резиме со клучни фокус информации.<br>· Презентациските и комуникациските вештини на известувачите и членовите на Одборот секогаш можат дополнително да се подобрат.<br>· Понекогаш може да биде корисна подиректна видливост на Директорите на контролните функции. |

| Е | **СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>*Свикување и претседавање со седниците, квалитет на дискусија, дигитализација и заштита на информации, агенда, записник од состаноци, следење на имплементацијата на одлуките, секретар на НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br><br>**3.6**<br>**(2023: 3.7; 2022: 3.8)** | Наоди:<br>Седниците се свикуваат во согласност со Деловникот за работа на Надзорниот одбор. Дискусиите се конструктивни. Банката обезбедува соодветна заштита и безбедност на информациите при дистрибуција на материјали до членовите на Надзорниот одбор. Има одредени недостатоци во подготовката на записникот. Соработката меѓу секретарот и претседавачот е на задоволително ниво. |

NLB Banka

| | |
|---|---|
| | Коментар од член на НО:<br>• Документацијата за состаноци на НО се доставува преку е-пошта, заштитена со лозинка. Не можам да проценам дали ова е доволно безбедно. Веројатно некоја посебна апликација би била посигурна, а исто така би дала можност да се формира архива на документацијата на НО (а исто така и други документи како интерни акти на Банката) и до која членовите на НО можат да дојдат секогаш кога е потребно.<br>• Записниците секогаш можат да ја престават суштината на дискусијата на поефективен начин, затоа се насочени кон постојани подобрувања.<br>• Во 2024 година, записниците не секогаш соодветно ја сумираа дискусијата и не беа дистрибуирани во рок од десет работни дена. Сепак, оваа практика е подобрена во последниот период. |

| **Ж** | **ОДБОРИ НА НО**<br>*Назначување и состав на одбори на НО, извештај на Одборот до НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br>**3.9**<br>**(2023: 3.8; 2022: 4.0)** | Наоди: НО ги постави потребните одбори.<br>Повеќето членови се експерти во областа за која одборот е надлежен.<br>НО е редовно и навремено информиран за работата на одборите. |

| **З** | **ПРИДОНЕСИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ НА НО**<br>*Присуство на седници на НО, подготвеност, учество, придонес на поединечни членови на НО* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br>**3.5**<br>**(2023: 3.6; 2022: 3.7)** | Наоди: Присуството на членовите на НО на седниците е високо. Членовите на НО генерално темелно се подготвуваат за седницата. Стручното знаење и професионалниот однос на членовите на НО ја прават атмосферата на седниците на НО пријатна и погодна за нови идеи.<br><br>Коментари од членовите на НО:<br>· Обемот на материјалите на некои седници е толку голема што не можам да прочитам сè темелно, исто така посветувам многу време на документацијата на секој состанок. Ова е особено случај кога многу интерни акти, политики итн. се доставуваат до состанокот на Надзорниот одбор и бараат согласност од НО. |

| **S** | **КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА НАДЗОРЕН ОДБОР**<br>*Судир на интереси, тимска соработка во активностите на НО, мотивација за работа, професионален развој, евалуација на перформансите на НО, наградување на НО;* |
|---|---|
| **Просечен резултат:**<br>**3.8**<br>**(2023: 3.5; 2022: 3.7)** | Наоди:<br>Конфликтот на интереси се управува според препораките за најдобра практика, законските прописи и внатрешните акти. Сите одлуки се донесуваат заеднички без разлика на какви било разлики во ставовите и позициите.<br>Банката усвојува рамковен образовен план за НО и неговите одбори.<br>Самоевалуацијата на НО се остварува еднаш годишно. |

| | |
|---|---|
| | Коментари од членовите на НО:<br>• Обуката секогаш може да биде поинтензивна и почеста, особено во сè побрзо променливо опкружување, воведувајќи нови категории на ризик, а најистакната во последно време е димензијата на сајберот и финасиската измама.<br>• Од 2025 година наградувањето за работата на членовите на Надзорниот одбор е значително зголемено, но дискутабилно е дали е во согласност со одговорноста на членовите на НО, особено во однос на наградувањето на Управниот одбор. |

| | **Останато – јаки и слаби страни на НО**<br>(дадени индивидуални мислења) |
|---|---|
| | Индивидуалното мислење за најголемата јака страна на НО:<br>• Различно знаење и искуство, отворена комуникација и искрена посветеност на успехот на компанијата.<br>• Највисоко ниво на техничко знаење на своите членови, придружено со работа во средина која поттикнува отворена дискусија. Во тие околности, секој предизвик што може да се појави поврзан со работењето на Банката може соодветно да се дискутира и да се реши.<br>• Професионална поддршка на НЛБ Групацијата, стручност на членовите на НО и силно раководство на претседавачот.<br>• Разновидност и богато искуство во и надвор од банкарската индустрија<br>• Конструктивна соработка меѓу членовите на НО и УО, отворена дискусија, членовите на НО се експерти во различни области.<br><br>Индивидуалното мислење за најголемата слабост на НО, предложени подобрувања:<br>• Повеќе конструктивни/напредни дискусии - со кои клиенти ќе работиме/банкаруваме во 2030 година?<br>• Она што ќе го напишам не е слабост, тоа е само предлог: Можеби е корисно да за идните состноци на НО да се потроши малку повеќе време за опфаќање на најновите технолошки достигнувања и нивните импликации на банкарскиот бизнис во (не толку блиска) иднина.<br>• Техничка надградба на работењето на НО со апликација за подобрување на достапноста на документацијата, безбедноста, транспарентноста на гласањето..<br>• Одборот секогаш може да биде уште поактивен и поангажиран, но сепак верувам дека во основа е прилично избалансиран.<br>• познавање на IT/ITC Дополнителни обуки, поддршка од независни ИТ експерти... |

3. **Имлементација на сугерираните подобрувања идентификувани со самооцената на членовите на Надзорниот одбор во 2023 година**

| | **Одговорен** | **Реализација** |
|---|---|---|
| **В. ЗАДАЧИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**<br>Во однос на контролата на работењето на компанијата: простор за подобрување во системите за внатрешна контрола и известување. Повеќе дискусии за таленти и планирање на наследување на состаноците на НО би биле ценети. Во рамките на Стратегијата за човечки ресурси, планот за наследници треба да се ажурира. | УО/НО | Планот за сукцесија беше ажуриран* |

| | | |
|---|---|---|
| **Ѓ: КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ** Подобрување на материјалот што треба да води до главните точки што треба да се дискутираат. | Банката | Тековна задача |
| **Е: СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР** Понатамошно управување на квалитетот на записникот (внатрешна проверка на записникот од секретарот на НО пред доставување до членовите на НО). | Секретар на НО | Тековна задача |
| **Ѕ: КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР** Подгответе го планот за обука за членовите на НО со разгледување на најактуелните прашања (на пример: сајбер безбедност). | Секретар на НО | Тековна задача |

*Во февруари 2025 година, Управниот одбор ги одобри листите на наследници (до наследници за Б1) и таленти (млади и професионални таленти) во НЛБ Банка Скопје.Сите тие се вклучени во програмата за развој на таленти која започна на 7 март. Иако досега преземените чекори во оваа област беа претставени на Надзорниот одбор на редовните квартални прегледи за човечки ресурси (вклучувајќи го и најновиот преглед за Q4 2024 година), посеопфатен преглед на темата ќе биде даден во следниот преглед за човечки ресурси за НО (Q1 2025 година).

## 4. Заклучок и препораки

По редовната годишна самооценка за 2024 година, работата на поединечните членови и работата на Надзорниот одбор беше целосно оценета како ефективна, бидејќи навремено, конструктивно и успешно одговори на секој предизвик и успешно го надгледуваше работењето на Банката.
Не е забележана поголема слабост.

Постигнат е висок просечен резултат во сите области ⇒ **3.7** (макс. 4.0; 2023: 3.6).

Се сугерираат следните активности во 2025:

| | **Одговорен** | **Рок** |
|---|---|---|
| **В. ЗАДАЧИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР** Врз основа на Стратегијата на НЛБ Групацијата 2025-2030 година, Банката треба да подготви своја стратегија | Управен одбор | 2025 |
| **Ѓ: КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ** Сè уште има простор за подобрување во подготовката на материјалите за Надзорниот одбор, исто така дополнителна обука за известувачите може да биде од корист. | Подготвувачи на материјалите и ивестувачите | Тековна задача |
| **Е: СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР** Сè уште има простор за подобрување во изготвувањето на записниците во однос на соодветно сумирање на дискусијата и навременоста на нивното доставување до членовите на Надзорниот одбор за разгледување. | НО<br>Секретар на НО | Тековна задача |

**Прилог г**

## 1. Оцена на големината и составот на Надзорниот одбор

Големината на Надзорниот одбор е уредена согласно пропишаниот број на членови кој е утврден со Законот за Банките.
Членовите на Надзорниот во 2024 година работеа во состав од 6 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог-одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Надзорниот одбор на Банката за 2024 година.

## 2. Оцена на големината и составот на Одборот за ревизија и на Одбор за управување со ризици

Големината на Одборот за ревизија и на Одбор за управување со ризици е уредена согласно пропишаниот број на членови кој е утврден со Законот за Банките.

Членовите на Одборот за ревизија во 2024 година работеа во состав од 5 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог - одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одборот за ревизија на Банката за 2024 година.

Членовите на Одбор за управување со ризици во 2024 година работеа во состав од 9 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред во насока на давање на конструктивни предлози како и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог-одлука, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одбор за управување со ризици на Банката за 2024 година.

## 3. Оцена на ефикасноста на надзорот што го врши Надзорниот одбор како дел од корпоративното управување во Банката и идентификување на активностите каде што е потребно унапредување или промени

Надзорниот одбор има една од главните улоги во ефикасно спроведување на надзорот во корпоративното управување во Банката.

Преку воспоставување на добар систем на корпоративни правила и вредности, Надзорниот одбор во текот на 2024 година обезбеди добро стабилно работење на Банката како и усогласување на работењето на Банката со локалната регулатива за корпоративно управување, како и усогласување со меѓународните стандарди на корпоративното управување.

Воспоставениот систем за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје, особено контролата извршена од страна на Надзорниот одбор, се покажува како ефикасна и Банката континуирано работи на подобрување на веќе воспоставениот ефикасен систем на корпоративно управување.

Исто така, ги отсликува перформансите на Банката во почитувањето и примената на Кодексот на однесување утврден на ниво на Групацијата.

Секој поединечен член на Надзорниот одбор и Надзорниот одбор како колектив ќе продолжи да работи на подобрување на воспоставениот систем на корпоративно управување.

Од овој аспект, позитивно се оценува улогата на надзор која ја има Надзорниот одбор на Банката како дел од корпоративното управување во Банката.

доверливо

NLB Banka

**4. Оцена на ефикасноста на Одборот за именување и Одборот за наградување**

Членовите на Одборот за наградување и Одборот за именување во 2024 година работеа во состав од 4 члена и истите водеа ефикасна дискусија и расправа по точките на дневен ред и континуирано му помагаа на Надзорниот одбор при спроведувањето на дел од неговите надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување и Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира членови кои ќе бидат дел од составот на Одборот за именување и Одборот за наградување и истите преку своето долгогодишно професионално работно искуство од различни области му даваа конструктивни предлози и објективно и независно одлучуваа за секоја предлог – одлука до Надзорниот одбор, при што позитивно се оценува нивната улога во работата на Одборот за именување и Одборот за наградување на Банката за 2024 година

**5. Оцена на ефикасноста на Законски пропишаните одбори (Одбор за ревизија и Одбор за управување со ризици)**

Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици во текот на 2024 година ефикасно ја вршеа својата работа преку навремено информирање на Надзорниот одбор за своите активности кои се утврдени согласно Законот за банки и Статутот на Банката, при што позитивно се оценува нивната улога во воспоставување на професионални стандарди во банкарското работење.

Боштјан Ковач
Претседател на
Одбор за именување